Сонувам ,или се плашам
самата себе од сета ова
слика што е пред мене.

Орли, црни гаврани се собрале
околу мене луѓе, многу луѓе непознати
зборуват која била ова жена? вели била
Македонка, ха ха каква Македонка?
Таква нема погледни се на огледало
не се познаваш сама себе како ние да те
познаваме.

Море дајте доведете ја овде косата
оскубете ја крвта исцедете ја и дајте
ми ја да ја испијам да ја заситам мојата душа
вели некој си маж не го познавам
се молам брате зарем не ме познаваш
јас сум твојата сестра , а тој ме гледа
со студен поглед полош и од гаол
вели каква сестра ? ти не родена а се
кажуваш моја сестра! Се налути, замавна
со сабјата и ми ја отсече главата, потоа
срцето ми го исече на парчина, очите
ми ги ослепи а душата ми ја покри со црн чат
викав на цел глас но никој не ме слуша.

Каде сум барам излез да излезам, ако неможам
нека дојде смрт за мене или нека светни слободата
па да се разбудам од овој кошмар. ако сум пепел
ветерот нека ме разнесе секаде низ целиот свет
и мојата мила мајка Македонија со натпис загина
Македонка бранејки си го своето име така ќе ми биде
полесно нема да ми биде срцето студено душата замрзната
очите пак ќе гледаат во мојта мајка Македонија убавица на
балканот и ако добив страшна смрт го најдов излезот после
смрта поново се родив во пепелта го победив пеколот и конечно
ја добив слободата сега можам слободно да спијам во мир.



**Ленче Клекачкоска**